23655

ВЕЧЕР - 29.10.1977 - СКОПЈЕ

# Афирмација

Ликовниот педагог на клубот на ликовните аматери во Домот на културата „Кочо Рацин“ од Скопје АЛЕКСАНДАР ЈАНКУЛОВСКИ за активноста на аматерите — сликари од овој клуб вели:

— Целта на клубот што работи во овој дом е поттикнување на аматеризмот во ликовната уметност. Низ посебни форми на работа и излагање во галеријата „Ко-Ра“ на сликарите — аматери им се дава можност да излезат од анонимност. Оваа година во галеријата „Ко-Ра“ излагаа 23 сликари — аматери со над петстотини ликовни дела: слики во масло, цртежи ,графики, скици, скулптури и други видови ликовна техника. До крајот на оваа година вратите на галеријата ќе бидат отворени за уште шестмина сликари — аматери. Оваа галерија си го најде местото во културниот живот во градов. За тоа најмногу зборува големата заинтересираност за изложбите.